ОПШТИНА НОВО СЕЛО
ГРАДОНАЧАЛНИК
БР.10-1170/3
Од 18.04.2024год.
Ново Село

Градоначалникот на Општина Ново Село, решавајќи по барањето на Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, поднесено под број 10-1170/1 од 17.04.2024 година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/2020 и 111/23), го издава следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП5, КО Смолари вон град, Општина Ново Село ,со технички број 0801-175/24 од април 2024година изработена од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП5, КО Смолари вон град, Општина Ново Село.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, поднесе барање за одобрување на Проектна програма,со технички број 0801-175/24 од април 2024година изработена од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје за изработка на проектна програма за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП5, КО Смолари вон град, Општина Ново Село.
Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма

2. Барање

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Ново Село, со Решение бр. 09-2058/1 од 08.08.2022, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 10-1170/2 од 18.04.2024 година.

Градоначалникот на општината Ново Село по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М.

32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 44 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

ОПШТИНА НОВО СЕЛО
ГРАДОНАЧАЛНИК

Ѓорѓе Божинов